РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-864/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на подносителот ------- - ------------ --------- -- -------- ------------ ----- ------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46- -та седница, продолжение, одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5353 од 2019 година, оформен по пријава со бр. 12 - 5353/1 од 25.11.2019 година на подносителот ------- - ------------ --------- -- -------- ---------- - ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека беспредметно е нејзиното натамошно постапување по предметот со број 12 - 5353 од 2019 година, нема елементи за свое натамошно постапување по овој предмет.

Предметот со број 12 - 5353 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

бразложение

Предметот со број 12-5353 од 2019 година е оформен по пријава со бр. 12 - 5353/1 од 25.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- - ------------ --------- -- -------- ----------- -----------.

Во пријавата изнесени се наводи за злоупотреба на службена положба и овластувања од страна на градоначалник на општина -----------, ------- -------- за време на изборен процес за претседателските избори 2019 година и сторена повреда на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите за избор на претседател на Република Северна Македонија. Имено, во пријавата се наведува дека во временскиот период, додека траел изборниот

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

процес за претседателските избори 2019 година, градоначалникот на општина -----------, -------- -------- во повеќе наврати, во периодот од 15.02.2019 - 12.04.2019 година, исплатил социјална помош на повеќе граѓани или на 38 граѓани во износ од околу 200.000 денари, што било документирано со акт - Податоци за исплатена еднократна парична помош согласно Програмата за мерките и активностите на општина ------------ во областа на социјалната заштита во 2018 и 2019 година, број на општина ------------ ------------ од 17.07.2019 година, а кои дејства, според подносителот на пријавата претставувале вонредни исплати за време на изборен процес и казниви по закон.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и врз основа на сите околности на случајот, констатирано е дека во предметниот случај станува збор за исплати за социјална помош на повеќе граѓани кои се исплатувале како еднократна парична помош согласно Програмата за мерките и активностите на општина ------------ во областа на социјалната заштита во 2018 и 2019 година, а пријавените дејствија за кои се товари наведеното лице се однесуваат на временски период кој веќе е изминат и изборниот процес е завршен односно, Претседателските избори се одржани на ден 21 април 2019 година, а со објавата на конечните резултати од изборите за избор на претседател, од страна на Државната изборна комисија на 11 мај 2019 година објавено е дека Претседателските избори 2019 се завршени. Од наведеното, произлегува дека беспредметно е натамошното постапување на ДКСК по овој предмет, по што ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување, постапката по предметот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК